Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

04- 14950 /38 од 31.12.2025 година

Врз основа на член 22 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ,, бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), член 23 став (4) од Законот за работни односи („Службен весник на РМ„ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021, 111/2023, 39/2025 и 74/2025) и член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016и и 11/2018 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ОДЛУКА

**за избор на еден (1) извршител на определено време за работно место** Советник за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури во Одделение за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури - Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларство, земјишната политика со поледелско производство

1. **За работното место** Советник за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури во Одделение за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури - Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларство, земјишната политика со поледелско производство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Државен инспекторат за земјоелство се избира кандидатот **ЕФТО ЈАНЕВСКИ.**
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено до 30.06.2026 година формирана со Решение број 04- 14950/2 од 25.12.2025 година донесено од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по Јавниот оглас за вработување на определено време со број 07/2025 објавен на 25.12.2025 година во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха за работното место број 1 од огласот: Советник за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури во Одделение за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури - Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларство, земјишната политика со поледелско производство спроведе селекција за избор на кандидат за наведеното работно место.

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време изготви Записник од извршена селекција од јавниот оглас за вработување на определено време број 04- 14950/35 од 30.12.2025 година, Записник од работата на Комисијата за вработување на определено време по Јавен оглас број 07/2025 заради спроведување на интервју број 04-14950/36 од 30.12.2025 година и Предлог-одлука за избор на кандидати број 04- 14950/37 од 30.12.2025 година, врз основа на што Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе приговор во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на решението преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до Агенцијата за администрација.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Борче Серафимовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
СКОПЈЕ-SHKUP

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именованиот
- Сектор за човечки ресурси
- Сектор за финансиски прашања
- Агенција за вработување